




# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013



МОСТ
Граѓанска Асоцијација

Издадено од Граѓанска асоцијација МОСТ
Ванчо Мицков 18$^{б}$, 1000 Скопје
Република Македонија
http://www.most.org.mk
most@most.org.mk

Подготвено од: Граѓанска асоцијација МОСТ
Скопје, март, 2014 година

Сите права задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да биде користена за едукативни и други некомерцијални цели со наведување на изворот. Секоја репродукција мора да биде одобрена од Граѓанска асоцијација МОСТ.

**ЗА МОСТ**............................................................................ 3

**ВОВЕД** ............................................................................. 5

**ПРОГРАМА:ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ** .................................... 7

ПРОЕКТ: ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР ........................................... 7

**ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ**......... 9

ПРОЕКТ: ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА................................................. 9

ПРОЕКТ: АКТИВНИ ЗА ДЕМОКРАТИЈА .........................................11

**ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ...............14

ПРОЕКТ: ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013 14

ПРОЕКТ: ПРАВО ДА ЗНАЕШ .........................................................17

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**.....................................................................19

УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО…
......................................................................................................19

**МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА**.............................21

ПРОЕКТ: ПОЛИТИКАТА И ПАРИТЕ – ЦРНА ГОРА И РЕГИОНОТ……………….…21

ПРОЕКТ: УПОТРЕБА НА НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИТЕ………………………………………………………………………23

ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ПАРТИЦИПАТИВНОСТ НА ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО……………………………………………………………………………………………………………25

ЕНЕМО…………………………………………………………………………………………………………. 26

**УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ**...................................27

**УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ** ...........27

**СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА** ..................................................27

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** ....................................................28

# ЗА МОСТ

**Граѓанската асоцијација МОСТ** е домашна, граѓанска и непартиска организација, формирана во мај 2002-ра година, од страна на претставници на 20 граѓански организации од целата држава.

**Визија**

Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одрживо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

**Мисијата на МОСТ** е да работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

***МОСТ** верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да игра значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.*

Од почетокот на своето постоење, организацијата игра значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци со повеќе од 30.000 волонтери со која располага организацијата е доволен доказ за тоа.

**Цели на организацијата**

- Да се поттикнат и мобилизираат граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија на национално и локално ниво;

- Да се поддржуваат напори и организираат активности за реформирање на институциите и процесите со цел тие да станат поодговорни, потранспарентни и поотворени кон потребите на граѓаните;

- Да се зајакне капацитетот на граѓанското општество со цел истото да овозможи гласност и простор за граѓанска акција на одржлива основа.

Со цел да се исполнат мисијата и целите на организацијата, своите активности во **МОСТ** ги спроведува во рамките на следните **програми**:

- Отворени институции;

- Едукација и вклучување на граѓаните и

- Одговорност и транспарентност.

Првиот проект на организацијата којшто ги надмина очекувањата беше “Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година”, што претставуваше пионерски чекор во Македонија. Оттогаш па наваму, **МОСТ** има набљудувано 9 изборни процеси на национално ниво, 4 изборни процеси на локално ниво во

Република Македонија, како и 3 референдуми и претставува значаен фактор кој придонесува кон поголемо ниво на транспарентност на истите.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, **МОСТ** работи и на полето на поттикнување и мобилизирање на граѓаните да станат активни учесници во демократијата во Македонија, со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски.

Поддржувањето напори и организирањето активности за реформирање на институциите и процесите беше еден од предизвиците со кои **МОСТ** се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

**МОСТ** и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.

## ВОВЕД

Овој извештај има за цел да ја презентира работата на Граѓанската асоцијација **МОСТ** во текот на 2013-та година.

Оваа година се одржаа редовни локални избори кои беа набљудувани од Граѓанската асоцијација **МОСТ,** со што организацијата придонесе кон зголемување на нивната транспарентност.

Во текот на 2013-та година продолжија да се спроведуваат веќе започнатите проекти "Право да знаеш" и "Активни за демократија", а исто така продолжи и учеството на **МОСТ** во процесот на подобрување на изборното законодавство.

Веб страницата на проектот "Право да знаеш", беше надградена со додавање на 2 нови сегменти со податоци на регионално и национално ниво со што порталот сега располага со сеопфатни и веродостојни податоци за состојбите во државата. Исто така беа подготвени и објавени 15 видео-прилози и анализи кои презентираа дел од податоците на сајтот од значење за граѓаните со што проектот ја исполни својата цел да го насочува јавниот дискурс кон теми од општествено значење.

Во рамките на проектот "Активни за демократија" беше организирана кампања за подигнување на свеста кај младите гласачи за проверка во Избирачкиот список. За таа цел беше креирано едукативно видео кое има повеќе од 10.000 прегледи на YouTube, а преку социјалните медиуми опфати повеќе од 370.000 граѓани. Беше подготвен прирачник "Активни за демократија – гласаме" кој ги обработува темите на изборите и активното граѓанство. Прирачникот беше одобрен од страна на Министерството за образование и наука да се користи како дополнителен материјал при обработка на темите поврзани со изборите и активното граѓанство, во рамките на програмата "Образование за животни вештини". Беа организирани и 31 работилница низ целата земја со кои повеќе од 800 професори од средните училишта беа запознаени со содржината на прирачникот.

Останатите проекти – "Патуваме во Европа" и "Правен ресурсен центар" продолжија да се имплементираат и оваа година.

Во рамките на Претпристапниот дијалог на високо ниво, **МОСТ** беше учесник во две работни групи во рамките на Министерството за правда и Државната изборна комисија. Првата работна група подготви измени на Изборниот законик кои треба да бидат донесени пред изборите следната година, додека пак втората работна група беше задолжена за проверка на Избирачкиот список.

Во 2013-та година **МОСТ** ја продолжи соработка со меѓународните партнери, па така покрај заедничкиот регионален проект "Парите и политиката" имплементиран заедно со Центарот за демократска транзиција – ЦДТ од Црна Гора и уште неколку организации од регионот, оваа година соработката беше проширена на уште еден проект – "Употреба на новите технологии во промоцијата на транспарентноста на владите", во кој исто така учествуваа неколку организации од регионот.

Во декември 2013-та г. во Скопје се одржа Генералното собрание на Европската мрежа на организации кои набљудуваат избори (ЕНЕМО) на кое Граѓанската асоцијација **МОСТ** повторно беше избрана на позицијата Генерален секретар.

Од сето ова, може да се заклучи дека 2013-та г. беше успешна година во која **МОСТ** продолжи да ја остварува својата мисија за зајакнување на демократската култура во Македонија и зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери.

# ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## ПРОЕКТ: ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

PRAVO.org.mk

*Бесплатниот пристап кон легислативата во многу европски земји е установена практика, додека кај нас претставува финансиско оптоварување за граѓаните и компаниите. Јавни расправи се одржуваат ретко, а дебати околу предлог-законите се случуваат само во рамките на парламентарните сесии. Доближувањето на законите поблиску до граѓаните и овозможување на една поширока дебата е неопходен услов за развој на едно стабилно и демократско општество.*

**Основна цел на проектот**

Основна цел на Правниот ресурсен центар е да обезбеди брз, лесен и бесплатен пристап до законите донесени од Собранието на Република Македонија, судската практика на Врховниот суд на Република Македонија, како и да обезбеди простор за информирање на граѓаните и отворање на јавни дебати за предлог-законите.

**Активности и постигнати резултати**

Проектот започна да се имплементира во 2004-та година, и оттогаш се разви во водечки ресурс во сферата на граѓанските услуги поврзани со законодавството и информирањето. Порталот http://www.pravo.org.mk е уникатен, лесно достапен и бесплатен ресурс којшто на граѓаните им дозволува пристап до целокупното законодавство на Република Македонија и до голем број анализи на закони и судска практика, како од Врховниот суд на Република Македонија, така и од Европскиот суд за човекови права. До повеќето од овие законодавни документи граѓаните може да обезбедат пристап и преку Службениот весник на Република Македонија, но за таа услуга се наплаќа определена сума која не секој граѓанин може да си ја дозволи. Идејата започна да се развива и продолжи да се имплементира поради разбирањето на потребата секој граѓанин во Македонија да биде информиран за промените во законодавството, а преку тоа да може да учествува во процесот на донесување одлуки. Законите го регулираат секојдневието на граѓаните и тие имаат право да имаат бесплатен пристап до нив. Потребата од овој портал е јасно видлива од показателите и повратните реакции од корисниците.

Во текот на 2013-та година се регистрирале 8.954 корисници со што вкупниот број на корисници ја достигна бројката од 75.168. Просечниот број на дневни посети на порталот изнесува 2.218.

Во овој период, на порталот беа објавени 83 нови закони, како и 239 измени и дополнувања на закони.

Од креирањето на порталот во 2004-та г. заклучно со 31.12.2013 г. вкупно се објавени: 1.468 закони, 2.487 измени и дополнувања на закони, 602 одлуки на Уставниот суд на РМ, 165 пресуди на Врховниот суд на РМ, 2.503 пресуди и одлуки на Европскиот суд за човекови права во кои како тужена страна се јавува Република Македонија и 38 анализи на правни прашања. Вкупно се направени 7.707.878 преземања на содржините од порталот.

**Интернет страница:** http://www.pravo.org.mk

**Донатори**

Проектот е самоодржлив од 2010 година. Претходно тој беше поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, Шведскиот хелсиншки комитет за човекови права (SHC) и Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC).

## ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

### ПРОЕКТ: ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА

*Посетата на друга земја е еден од најдобрите начини за проширување на погледите, осознавање на различни култури и цивилизации, но и осознавање на самиот себе и својата земја.*

**Цел на проектот**

Проектот "Патуваме во Европа" има за цел да им овозможи патување во Европа на најдобрите студенти, преку кое тие ќе имаат можност да се запознаат со демократските вредности, обичаите и културата на земјите од Европа, да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија, а во исто време да ја промовираат и Македонија во Европа.

**Активности и постигнати резултати**

Во 2013-та година, 12 претставници на најдобрите студенти во завршните години на студии еден месец бесплатно патуваа низ Европа. Ова беше седма година по ред како Граѓанската асоцијација **МОСТ** го реализира овој проект. Во рамките на проектот беше објавен јавен конкурс и се изврши селекција на најдобрите кандидати кои беа рангирани според однапред утврдени критериуми, со цел да бидат избрани токму оние студенти кои навистина го заслужуваат тоа.



За време на своето едномесечно патување студентите ја ширеа културата на дијалог и размена на различни искуства, а воедно ја запознаваа Европа и нејзините граѓани со младите од Македонија. По завршувањето на патувањето студентите гостуваа во неколку емисии, а покрај тоа во дел од електронските медиуми беа објавени написи со приказни на студентите за нивното патување и за европските вредности кои тие ги осознаа. Исто така, беа испратени пораки до граѓаните на Република Македонија за важноста на негувањето на демократските вредности. По нивното враќање, беше организирана изложба на фотографии кои студентите ги направија за време на патувањето. Во рамките на изложбата, исто така беше прикажан и краток филм за почетокот на нивното патување во Берлин и нивната дружба со останатите студенти од регионот кои исто така беа дел од проектот. Со цел да се поттикне креативноста на студентите, беше предвидено тие да напишат есеј (патепис) за своите доживувања. За најдобриот есеј, како и за најдобрата фотографија беа обезбедени симболични награди.



За Јован Битољану, еден од студентите кој беа дел од проектот, комуникацијата е од суштинско значење. Тој смета дека само доколку го запознаеш опкружувањето ќе можеш да го споредуваш, промовираш, афирмираш и надградуваш сопствениот аспект на светот. За него потребата од комуникација со европското опкружување успешно била иницирана и спроведена токму преку проектот „Патуваме во Европа". Тој во својот есеј за проектот ќе напише: „Длабоко верувам дека овој проект ќе придонесе кон градење и зајакнување на врските на младите со европското општество".

Сеќавајќи се на патувањето Анита Михајлова изјави: „Од искуството до сега знам дека најдобрите спомени се од моите патувања. И знам дека оние најдобрите се оние кои малку ме плашат. Патувањата кои после одредено време случувањата во животот ги сведуваат на 'пред' и 'потоа', тие стационарни мигови од животот кои мамат насмевки, мислам на оние вистинските, кои најпрво се јавуваат во очите пред да ја зафатат целата физиономија на лицето....Малку време ми требаше да сфатам дека ова беше едно такво патување".

Дополнителна вредност на проектот е што истиот придонесе за позитивно претставување на Македонија на обичните граѓани на ЕУ. Секој студент дистрибуираше брошури во кои беа претставени значајни знаменитости од Македонија, кои беа обезбедени од страна на Националната агенција за развој и поддршка на туризмот.

Досега, повеќе од 130 студенти имаа можност да ја истражат Европа преку проектот „Патуваме во Европа".

**Интернет страница:** http://www.patvoevropa.org.mk
**Facebook страница:** Патуваме во Европа 2011

**Донатори**
Овој проект финансиски беше поддржан од Фондацијата Роберт Бош преку Балканскиот фонд за демократија (BTD),а средства и услуги донираа и неколку домашни компании.

**ПРОЕКТ: АКТИВНИ ЗА ДЕМОКРАТИЈА**

Граѓанската Асоцијација **МОСТ** започна да го спроведува овој проект во декември 2012-та г.

Главните предизвици кои ги адресира проектот „Активни за демократија" се недостатокот од познавање на младите гласачи за теми поврзани со изборите, како и нискиот степен на заинтересираност за активно учество во демократските процеси. Во таа насока, проектот има за цел да ја подигне свеста за потребата од постојано образование на гласачите, кое претставува еден од предизвиците со кои се соочува секое демократско општество, како и да понуди решенија за надминување на неправилностите во текот на изборните процеси во државата.

Проектот "Активни за демократија" претставува продолжување на долгорочните напори на Граѓанската асоцијација **МОСТ** за подигнување на свеста кај младите гласачи и зголемување на нивниот активизам, кои почнаа со проектот Прв пат гласам, кој се спроведуваше од 2004-та до 2011-та г.

**Цел на проектот**

Проектот "Активни за демократија" има за цел да даде придонес кон зајакнување на капацитетите на младите преку промоција на нивните права и слободи поврзани со изборите, како и преку промоција на потребата од активно учество во демократските процеси.

**Активности и постигнати резултати**

- *Подигнување на свеста кај младите гласачи за проверка во Избирачкиот список пред локалните избори во 2013-та година*

Кампањата "Кликни и провери се" започна на 30-ти јануари и траеше се додека траеше јавниот увид во Избирачкиот список, односно до 9-ти февруари. Целта на кампањата беше да се поттикнат што поголем број на гласачи да ги проверат своите податоци во Избирачкиот список. За потребите на кампањата беше снимено едукативно видео кое беше промовирано на прес-конференција, а истото беше емитувано и неколку национални и локални телевизии. За време на јавниот увид во Избирачкиот список видеото беше континуирано промовирано и на интернет страниците www.time.mk и www.off.net.mk.






Кампањата “Кликни и провери се” резултираше со повеќе од 10.000 прегледи на YouTube каналот на МОСТ, а преку социјалните медиуми допре до повеќе од 370.000 граѓани. Истовремено, видеото беше најпопуларната објава на Facebook станицата на **МОСТ** досега.

За време на локалните избори во 2013-та година, преку интернет страницата www.prvpatglasam.org.mk, младите постојано се информираа за прашања поврзани со изборите, изборните процедури и рокови, а преку интерактивен квиз и наградна игра на 50 млади гласачи кои дадоа точни одговори на неколку прашања поврзани со изборите им се овозможи да бидат дел од набљудувачката мисија на **МОСТ**. Во овој период интернет страницата беше посетена од повеќе од 8.000 корисници.

- *Спроведување на јавни настани – “Активни за демократија – Вклучи се, ако си исклучен”*

Отворените настани “Активни за демократија” беа организирани со цел да придонесат кон континуирана размена на информации со младите и зголемување на знаењето на младите гласачи за нивните граѓански права и обврски. По повод Меѓународниот ден на демократијата, на 15-ти септември 2013-та г. беа организирани првите отворени настани за младите во 5 градови низ Република Македонија – Скопје, Тетово, Охрид, Гевгелија и Прилеп. Овие настани беа организирани под мотото “Вклучи се ако си исклучен” и на истите на младите им беа поделени едукативни материјали со цел тие понатаму да ги прошират своите знаења за предностите да се биде активен граѓанин и можностите да се учествува во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки. Едукативните материјали, како и мотото на настаните, беа подготвени во соработка со младите, преку



нивно учество во четири фокус групи кои беа организирани од страна на **МОСТ**.

Отворените настани, исто така, преставуваа и средство за воспоставување на директна комуникација со младите, што неизбежно придонесе кон зголемување на бројот на гласачи кои навистина ги познаваат своите граѓански права и обврски. Покрај споменатите градови, отворени настани беа одржани и во 20 други градови низ

Македонија, на кои присуствуваа повеќе од 6.000 заинтересирани млади.

- *Зајакнување на капацитетите на образовниот систем*

Изборите и гласањето формално се дел од средното образование како тема во рамките на Националната програма за образование за животни вештини од 2011-та г. Сепак, квалитативниот пристап и содржината на материјалите поврзани со изборите во рамките на таа програма останаа предизвик, имајќи го предвид фактот дека тој материјал само делумно ги покриваше темите како што се правата на гласачите и нивните одговорности. Токму оттаму произлезе и потребата за креирање на сеопфатен и структуриран дополнителен прирачник кој ќе ги адресира овие прашања како и сите прашања поврзани со изборите.

Согласно потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Министерството за образование и наука и **МОСТ**, беше формирана работна група која работеше на подготовката на прирачникот "Активни за демократија – гласаме". Работната група беше составена од три професори од средните училишта, претставник од Министерството за образование и наука, претставник од Бирото за развој на образованието, како и претставници од **МОСТ**. Подготвениот прирачник беше одобрен од страна на Министерството да се користи како дополнителен материјал при обработка на темите поврзани со изборите и активното граѓанство, во рамките на програмата "Образование за животни вештини". Со ваквиот прирачник не само што се надмина недостигот од релевантни материјали за изборните права и обврски, туку исто така се придонесе кон создавање на унифициран и сеопфатен наставен материјал за учениците од сите средни училишта.



Истовремено, со цел да се запознаат со содржината на прирачникот и да ги подобрат своите практични знаења за изборните процеси и процедури, беа спроведени 31 работилница низ целата земја со кои беа опфатени повеќе од 800 наставници од средните училишта, а примероци од Прирачникот беа испратени до сите средни училишта во земјата.

**Интернет страница:** www.prvpatglasam.org.mk

**Донатори**

Проектот е финансиран од Европската Унија, преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права (ЕИДХР).

## ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### ПРОЕКТ: ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2013

Претседателот на Собранието на Република Македонија ги распиша редовните локални избори на 11-ти јануари 2013-та г.

Првиот изборен круг се одржа на 24-ти март, а вториот на 7-ми април.

Во Избирачкиот список беа запишани 1.743.403 избирачи, односно 77.719 избирачи помалку во однос на предвремените парламентарни избори одржани во 2011-та година, со оглед на тоа што во текот на 2012-та година беше извршена административна проверка и прочистување на Избирачкиот список.

За прв пат на овие локални избори се избираа градоначалници и советници во 81 единица на локалната самоуправа, бидејќи од овие избори стапи на сила измената на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, според која по одржаните избори општините Вранештица, Другово, Зајас и Осломеј се припојуваат кон општина Кичево.

**Цел на проектот**

Зголемување на транспарентноста на изборниот процес, преку вклучување на граѓаните во истиот како домашни набљудувачи.

**Специфични цели на проектот**

- Да обезбеди учество на граѓаните во процесот на непартиското набљудување на изборите;
- Да осигури почитување на правото и законите при спроведување на гласањето на избирачките места;
- Да ја подигне свеста кај граѓаните за нивните права и обврски за проверка на податоците во Избирачкиот список.

**Активности**

- Воспоставување на мрежата за имплементација на проектните активности;
- Редовни брифинзи со регионалните координатори;
- Регрутирање и обука на волонтери кои беа распоредени како домашни набљудувачи на изборите;
- Набљудување на предизборниот период - следење на работата на општинските изборни комисии (ОИК), активностите на политичките партии и другите активности на засегнатите страни во изборниот процес;
- Набљудување на изборната кампања;

- Набљудување на предвременото гласање на внатрешно раселените лица, болните и изнемоштени лица и лицата во затвор или притвор;
- Набљудување на денот на гласање со статични набљудувачи, мобилни тимови и набљудувачи во Државната изборна комисија (ДИК) и ОИК;
- Набљудување на постизборниот период (процесот на поднесување на приговори и тужби);
- Анализирање на извештаите и информирање на јавноста.




Изборите беа набљудувани од страна на 8.781 домашен набљудувач (од кои Граѓанската асоцијација **МОСТ** имаше акредитирано 4.010 граѓани), 410 странски набљудувачи и 7 странски новинарски екипи.
**МОСТ** го следеше првиот изборен круг на 24-ти март со 3.313 набљудувачи кои покрија околу 50% од вкупниот број на избирачки места. За вториот круг на 7-ми април беа распоредени вкупно 1.973 набљудувачи кои покрија 55-60% од избирачките места во општините каде се спроведе втор круг и градот Скопје. Исто така, беше набљудувано и прегласувањето на првиот круг на едно избирачко место во општина Долнени и на три избирачки места во Струмица. За прегласувањето на вториот изборен круг на 21-ви Април беа ангажирани 102 набљудувачи, кои беа распоредени на сите избирачки места во кои имаше прегласување во општините Ѓорче Петров, Центар и Струга.
Сите набљудувачи проследија обука за домашно набљудување на избори, а исто така им беа поделени и потребни материјали за набљудувањето: Прирачник за домашно набљудување на изборите, формулари за известување, пенкало, маица, и акредитации издадени од ДИК и **МОСТ**. Обуката на набљудувачите беше организирана од страна на регионалните координатори на **МОСТ** во соодветните регионални канцеларии.

Седниците на ДИК и на ОИК во текот на целиот процес беа предмет на набљудување. Исто така набљудувани беа и обуките спроведени за

целата изборна администрација. Покрај тоа, беше набљудуван и процесот на поднесување на приговори и тужби за постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето.

**Медиумска активност**

За време на изборниот процес **МОСТ** ја информираше јавноста преку 17 прес-конференции. Дополнително, за медиумите беа давани интервјуа и изјави во врска со различни аспекти и случувања во изборниот процес.

**Генерална оценка на МОСТ за локалните избори**

Локалните избори беа спроведени во генерално мирна атмосфера, која беше делумно нарушена во текот на вториот изборен круг и прегласувањето на истиот, во околности во кои се покрена прашањето околу квалитетот на Избирачкиот список и довербата во него. Незначителното намалување на нерегуларностите во спроведувањето на процедурата на гласање, изразено зголемениот број на пријавени болни и немоќни лица, како и неконзистентноста на Државната изборна комисија во процесот на одлучување по приговорите за гласањето, се карактеристики кои имаат негативно влијание врз квалитетот на целокупниот изборен процес.

На изборниот ден во првиот и вториот изборен круг, како и прегласувањето на вториот изборен круг, набљудувачите најчесто известуваа за неправилности од типот на групно/семејно гласање, непочитување и злоупотреба на процедурата за гласање на лица кои не можат да гласаат сами, некористење на УВ ламбата, фотографирање на гласачките ливчиња, читање на глас на имињата на избирачите и евидентирање на гласачите од страна на партиските набљудувачи на самото гласачко место. Исто така, имаше повеќе случаи во кои избирачите не можеа да се пронајдат во Избирачкиот список, иако поседуваа важечки биометриски лични документи.

**Донатори**

Проектот беше спроведен со поддршка од Швајцарската агенција за развој и соработка, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Амбасадата на Кралството Холандија и Амбасадата на Кралството Норвешка од Белград.

**ПРОЕКТ: ПРАВО ДА ЗНАЕШ**




Проектот се спроведува од август 2012-та година. Проектот презентира прашања од јавен интерес преку реално и методолошко прибирање на статистички и веродостојни податоци. Исто така, преку иновативен начин на презентирање на податоците има за цел да ги информира и активира граѓаните, граѓанските организации, новинарите, блогерите и останатите чинители во општеството.

**Основна цел на проектот**

Основната цел на проектот "Право да знаеш" е да придонесе кон поинформирано и посилно граѓанство.

**Специфични цели на проектот**

- Функционален, постојан и моќен интернет ресурс кој преку користење и вкрстување на официјални статистички податоци и податоци добиени со истражувања, на визуелен и лесен за користење начин, цели кон различни корисници и граѓански групи.

- Зголемен обем на податоци споделени со граѓаните за аргументирана јавна дебата и креирање на јавниот дискурс на национално и локално ниво, на значаен и разбирлив начин.

**Активности и постигнати резултати**

Процесот на прибирање на податоци се врши преку интернет истражување и испраќање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателите на информации. Базите со податоци се креираат единствено со официјални податоци од државни органи, институции и единиците на локалната самоуправа.

Во текот на оваа година на веб страницата од проектот, http://www.pravodaznaes.mk, продолжија да се објавуваат податоци кои ги презентираат состојбите во различни општествени сфери. Дополнително, покрај податоците на општинско ниво, се додадоа 2 нови сегменти со податоци на регионално и национално ниво со што порталот сега располага со сеопфатни и веродостојни податоци за состојбите во државата, на национално, регионално и општинско ниво. Базата на податоци досега содржи вкупно 12 области, 56 категории/индикатори и повеќе од 300.000 поединечни статистички информации. Сите податоци објавени на веб страницата се достапни на македонски, англиски и албански јазик.

Со цел промоција на сајтот, беа креирани 15 YouTube видео-прилози кои имаа за цел презентација на дел од податоците на сајтот од значење за граѓаните. За прилозите беа подготвени и анализи во кои подетално беа презентирани податоците и темите кои беа опфатени со прилозите. Прилозите и анализите беа подготвувани еднаш седмично и на YouTube имаат повеќе од 1.800 прегледи. Покрај тоа што тие се објавуваа на веб страницата и на YouTube, исто така им се испраќаа по е-пошта

на 58.000 корисници на порталот www.pravo.org.mk. Вкупно беа испратени преку 350.000 е-пораки што резултираше со 1.500 дневни посети од страна на овие корисници. Дополнителна промоција беше направена со промотивни банери на следните веб страници: http://www.fakulteti.mk, http://www.grid.mk, http://www.idividi.com.mk, http://www.off.net.mk и http://www.mkd.mk што резултираше со 700.000 прегледи на банерите и 30.000 посети на веб страницата на проектот преку овие веб страници.

Проектот предизвика внимание кај медиумите и неретко анализите на податоците беа преземани и објавувани од страна на интернет порталите. Три од подготвените анализи во рамките на проектот беа објавени во дневниот весник Вест во периодот 4-8 јули 2013-та година.

Активностите спроведени во рамките на проектот резултираа со постигнување на целите на проектот - постоење на моќен интернет ресурс кој претставува алатка за насочување на јавниот дискурс кон прашањата од општествено значење.

**Интернет страница:** http://pravodaznaes.mk

**Донатори**

Овој проект беше финансиски поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и Балканскиот Фонд за Демократија (BTD).

# ДРУГИ АКТИВНОСТИ

## УЧЕСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗАКОНОДАВСТВОТО

*Цел: Подобрување на изборната легислатива, изборниот процес и надминување на изборните нерегуларности.*

### Активности и постигнати резултати

Работните групи креирани во насока на исполнување на целите од Пристапниот дијалог на високо ниво со Европската комисија продолжија со работа и по локалните избори во 2013-та година. Со оглед на тоа што со измените на Изборниот законик во 2012-та година не беа имплементирани сите препораки од ОБСЕ/ОДИХР, работната група во рамките на Министерството за правда беше задолжена за подготвување на нови измени и дополнувања на Изборниот законик со кои требаше да се имплементираат препораките од извештаите на ОБСЕ/ОДИХР за изборите во 2011-та и 2013-та г. Работната група во рамките на Државната изборна комисија задолжена за проверка на Избирачкиот список исто така продолжи со работа. И двете работни групи беа составени од претставници на релевантните државни институции, претставници од политичките партии, и  Граѓанската асоцијација **МОСТ** како претставник на граѓанскиот сектор.

### Работна група во рамките Министерството за правда

Оваа работна група одржа 7 состаноци во периодот април-септември 2013-та г. на кои беа дискутирани препораките од ОБСЕ/ОДИХР како и предлозите од учесниците во работната група. Во септември, членовите на работната група  одржаа тридневна работилница на која го финализираа текстот на предложените измени на Изборниот законик. Во него беа опфатени препораките од ОБСЕ/ОДИХР како и дел од предлозите од учесниците во работната група. Потоа, текстот им беше испратен на политичките партии со цел да ги усогласат своите ставови во врска со предложените измени, како и да дадат свои предлози. До крајот на 2013-та година измените се уште не беа донесени и со оглед на тоа што претстојат редовни претседателски избори во периодот март-април наредната година, се очекува измените да бидат донесени во јануари, 2014-та година.

### Работна група за проверка на Избирачкиот список

Оваа работна група одржа 6 состаноци во периодот мај-декември 2013-та г. Главната карактеристика оваа година беше ангажирањето на експерти на ОБСЕ/ОДИХР кои спроведоа 2 активности. Првата активност беше Проценка (евалуација) на соработката на институциите вклучени во процесот на ажурирање на Избирачкиот список, а втората - Стратегија за проверка на Избирачкиот список.

Проценката (евалуацијата) на соработката на институциите вклучени во процесот на ажурирање на Избирачкиот список утврди одредени недостатоци во процесот на пријавување на живеалиште и препорача да се преземат мерки за поттикнување на граѓаните навремено да ја пријавуваат промената на живеалиштето, со цел податоците во Избирачкиот список да бидат точни. Проценката исто така го постави прашањето дали е подобро ажурирањето на избирачкиот список да го прават институциите кои се веќе надлежни за доставување на податоци до ДИК (МВР или

Управата за водење на матични книги) или е подобро Избирачкиот список целосно да премине во надлежност на Државната изборна комисија, се разбира со соодветно зголемување на нејзините капацитети.

Во Стратегијата за проверка на Избирачкиот список беа предложени 2 мерки: Административна и теренска проверка на податоците во Избирачкиот список кои би требало да се спроведат по завршувањето на следните избори.

## МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА

### ПРОЕКТ: ПОЛИТИКАТА И ПАРИТЕ – ЦРНА ГОРА И РЕГИОНОТ

Во рамките на меѓународната соработка Граѓанската асоцијација **МОСТ** продолжи да учествува во регионалниот проект "Политиката и парите – Црна Гора и регионот", кој беше имплементиран и оваа година од страна на Центарот за демократска транзиција (ЦДТ) од Црна Гора, а финансиски подржан од Балканскиот фонд за демократија (Balkan Trust for Democracy - BTD). Покрај МОСТ и ЦДТ, во проектот учествуваат и Transparency International - Босна и Херцеговина, Центарот за развој на Србија, како и Иницијатива за прогрес од Косово.

**Цел на проектот**

Спроведувањето на проектот има за цел да придонесе кон развој на регионалната соработка помеѓу граѓанските организации во рамките на набљудувањето на финансирањето на политичките партии, како и да обезбеди компаративност на регионалните методи за набљудување на финансирањето на политичките партии.

**Активности**

Врз база на методологијата за набљудување на финансирањето на политичките партии развиена во 2012-та година од страна на учесниците во проектот, овој пат главната активност се состоеше во регионално истражување во врска со финансирањето на политичките партии во земјите од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот.




Во мај, учесниците во проектот одржаа координативен и планирачки состанок на кој беа дискутирани активностите кои требаше да се спроведат во рамките на проектот: регионалното истражување и издавањето на информативните билтени и завршната конференција.

Потоа секоја од организациите спроведе истражување за финансирањето на политичките партии во својата земја. Истражувањето беше фокусирано на следниве области: извори на финансирање на политичките партии, системот на доставување на извештаи, улогата на надлежните институции и санкциите поврзани со непочитувањето на законските одредби.

Завршна активност во рамките на проектот беше конференцијата "Парите и политиката" која се одржа на 23-ти декември, во Подгорица, Црна Гора. На конференцијата учествуваа претставници од државните институции, политичките партии, граѓанскиот сектор, како и медиумите, од сите земји од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот.

Во текот на имплементацијата на проектот исто така беа подготвени и 3 билтени со информации за новостите во врска со финансирањето на политичките партии во секоја од земјите во периодот на спроведување на проектот.

**Интернет страница**: [http://moneyandpolitics.me](http://moneyandpolitics.me)

**ПРОЕКТ: УПОТРЕБА НА НОВИТЕ ТЕХНОЛОГИИ ВО ПРОМОЦИЈАТА НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ВЛАДИТЕ**

Граѓанската асоцијација МОСТ повторно соработуваше со Центарот за демократска транзиција од Црна Гора, на регионалниот проект "Употреба на новите технологии во промоцијата на транспарентноста на владите", кој беше финансиски подржан од Националниот фонд за демократија (National Endowment for Democracy - NED). Покрај МОСТ и ЦДТ, во проектот учествуваат и Центарот за истражување, транспарентност и одговорност – ЦРТА од Србија и Зошто не од Босна и Херцеговина.

**Цел на проектот**

Промовирање на употребата на новите технологии во поттикнувањето на транспарентноста на владите во Југоисточна Европа.

**Активности**

Главната активност на проектот се состоеше во мониторинг на веб страниците на владите и министерствата на земјите од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот кој се однесуваше на следните 5 области: транспарентност на работата, буџетска транспарентност, слободен пристап до информации од јавен карактер, учество на засегнатите страни во креирањето на политиките и користење на новите технологии во комуникацијата со граѓаните.

На почетокот од спроведувањето на проектот, во месец мај, секоја од организациите ангажираше правен експерт кој подготви анализа на правната рамка (национална и меѓународна) во врска со објавувањето на податоците за работата на институциите на интернет. Во месец јуни во Подгорица беше одржан работен состанок на кој, врз база на правната анализа, како и на искуството на ЦДТ од претходните проекти во Црна Гора, беше подготвена методологијата за мониторинг. Секоја од организациите ангажираше по 1 лице кое во текот на септември и октомври го спроведе мониторингот на веб страниците на владата и министерствата. Во ноември повторно беше одржан работен состанок во Подгорица на кој беа дискутирани искуствата од мониторингот и беа испланирани наредните активности: прес-конференција, публикацијата со резултатите од проектот и регионалната конференција. Беше креирана и веб-страница на проектот на која се наоѓаат комплетните резултати од истражувањето, а можат да се вршат и споредби помеѓу резултатите од институциите од различни земји.




Прес-конференцијата на која беа промовирани резултатите од мониторингот во Македонија се одржа во месец декември и на неа присуствуваа претставници од повеќе медиуми. На конференцијата детално беа претставени методологијата на мониторингот, резултатите, како и прелиминарните препораки за институциите. Според резултатите од мониторингот, веб страницата на Владата на РМ се наоѓа на последното место од земјите во регионот, додека пак веб страниците на министерствата се на 3-то место по процентот на исполнетост на индикаторите.

**Следни чекори**

Во текот на месец јануари следната година ќе се подготви публикација во која подетално ќе бидат прикажани резултатите од мониторингот, регионални споредби како и препораки и добри практики препознаени во текот на проектот.

Во месец февруари ќе се одржи регионална конференција која всушност ќе претставува збир од 4 конференции кои последователно ќе се одржуваат во исти ден во секоја од земјите од каде што доаѓаат организациите-учеснички во проектот при што ќе се врши директен пренос на интернет од секој од настаните. На конференцијата ќе бидат поканети претставници од институциите и граѓанскиот сектор, при што ќе се дискутира за резултатите од спроведениот мониторинг, а ќе се понудат и препораки за подобрување на употребата на новите технологии во работата на институциите.

**Интернет страница:** http://otvorenevlade.cdtmn.org

## ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА ПАРТИЦИПАТИВНОСТ НА ЦИВИЛНОТО ОПШТЕСТВО

Во текот на месец март 2013-та г. МОСТ доби покана од Американската агенција за помагање Мерси Корпс (Mercy Corps) од Ирак да учествува во проектот „Градење на капацитети за партиципативност на цивилното општество“ во Ирак, финансиран од

УСАИД. Мисијата беше стационирана во Ербил – Курдистан. Улогата на Граѓанската асоцијација МОСТ се состоеше во испорака на тренинзи за подигнување на капацитетите на четири невладини организации од Ирак за домашно набљудување на избори, со доследна примена на меѓународните стандарди, зближување на невладините организации и функционирање во една неформална мрежа. Исто така делови од тренинзите се однесуваа и на унифицирано известување и нивно заедничко презентирање пред јавноста на нивните наоди од изборниот процес и изборниот ден. Целата активност се одвиваше во траење од еден месец, во месец април, пред и по локалните избори во Курдистан одржани на 20-ти април 2013-та г., а се состоеше во давање континуирана експертска, советодавна и практична поддршка на невладините организации.
Тимот од експерти броеше осум членови, четири од Европа и четири од Блискиот Исток, поделени во четири мешани тимови. На почетокот и на крајот на процесот беа изготвени извештаи. Првиот извештај ја презентираше состојбата во Курдистан/Ирак од политички, безбедносен и правен аспект, од аспект на изборниот систем, изборната администрација, регистрацијата на гласачите, регистрација на кандидатските листи, изборна кампања, медиуми, цивилно општество, со заклучоци и препораки. Вториот извештај, покрај тоа што претставуваше повторен попрактичен осврт кон истите теми, беше сублимат и презентација на сработеното, евалуација на таргетираните невладини организации и препораки за понатамошен развој.
По успешната тендерска апликација, во месеците септември и октомври беше испратена и втората мисија на Граѓанската асоцијација МОСТ во Курдистан/Ирак. Овој пат тежиштето падна на проценување на состојбите, проектирање и спроведување на програмата за Паралелно пребројување на гласовите за парламентарните избори на територијата на Курдистан, северен Ирак.
Во процесот успешно беа инволвирани невладини организации со набљудувачи од три региони во Курдистан. Комплетниот тренинг и обука беа спроведени од група од меѓународни експерти за избори и изборен процес. И овој пат во фокусот беше подигнувањето на капацитетите на селектираните невладини организации од страна на донаторот за спроведување на ваков тип на домашно набљудување на изборниот процес, вклучувајќи и мониторинг на медиумите.
И овој пат се продуцираа извештаи кои ги таргетираа состојбите пред, за време и по изборниот ден.

**ЕНЕМО**

Граѓанската асоцијација **МОСТ** е членка на Европската мрежа на организации кои набљудуваат избори (ЕНЕМО) од октомври 2004 г. Во декември 2013-та г. Граѓанската асоцијација **МОСТ** беше повторно избрана за Генерален секретар на организацијата, функција која е во надлежност на **МОСТ** од ноември 2009-та година. Оваа позиција самата по себе е многу важна за мрежата на ЕНЕМО, но и за самата асоцијација. Една од функциите кои произлегуваат од оваа позиција е фацилитирање на процесот на обезбедување на средства за распоредување на меѓународните набљудувачки мисии кои ги спроведува ЕНЕМО, нивна организација и имплементација.

Во ноември и декември 2013-та година беа спроведени локални избори во Косово. За таа цел во месец јули Граѓанската асоцијација **МОСТ** го започна процесот на обезбедување средства за распоредување на набљудувачка мисија, со цел да се контактираат што е можно поголем број на донатори и да се обезбедат средства за распоредување на поголем број набљудувачи. Процесот се состоеше од контактирање на меѓународната заедница и на традиционалните донатори, како и од организирање на средба со претставници на истите со цел презентација на проектот за набљудување на изборите во Косово. Донатори на оваа мисија беа Националниот демократски институт (НДИ), Амбасадата на Сојузна Република Германија од Приштина како и Амбасадата на Големото Војводство Луксембург во Косово.

Во рамките на оваа мисија, Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше со еден претставник во главниот тим и 6 краткорочни набљудувачи за набљудување на двата изборни круга. За време на гласањето беа распоредени уште двајца набљудувачи како дополнителна помош на главниот тим.

Во декември 2013-та г. во Украина беше спроведено повторно гласање во 5 територијални изборни единици, како резултат на одлуката на украинските власти да се повтори гласањето спроведено на парламентарните избори во октомври 2012-та година. Организирањето и спроведувањето на оваа набљудувачка мисија беше поддржано од НДИ, како продолжение на поддршката обезбедена за мисијата во Украина од 2012-та година.

Во рамките на оваа мисија, Граѓанската асоцијација **МОСТ** учествуваше со свој претставник во главниот тим, на позиција аналитичар во текот на изборниот ден.

Како дел од заложбите за реформирање на ЕНЕМО и зајакнување на нејзините капацитети и на самите членки, Граѓанската асоцијација **МОСТ**, во својство на Генерален секретар на ЕНЕМО, во текот на 2013-та година започна процес на преговори за обезбедување финансиска поддршка за институционална реформа на

ЕНЕМО и развивање на стратешки план на мрежата за периодот 2014-2017 г. Како резултат на оваа активност, беше обезбедена поддршка од Националниот фонд за демократија (НЕД) и во декември 2013-та година во Скопје се одржа Генералното собрание на ЕНЕМО на кое Граѓанската асоцијација **МОСТ** повторно беше избрана на позицијата Генерален секретар. На истото собрание, по препорака на **МОСТ**, беше донесена одлука да се поддржи процесот на институционална реформа и развивање на стратешкиот план и истиот да продолжи во 2014-та година.

### УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ НАСТАНИ

Септември 2013-та г. - претставник на **МОСТ** учествуваше на 8-миот годишен состанок за имплементација на Декларацијата за принципите на меѓународно набљудување на избори, организиран од ОБСЕ/ОДИХР, во Варшава, Полска.
Април 2013-та г. – претставник на МОСТ учествуваше на 2-от годишен состанок за имплементација на Декларацијата на универзални принции за домашно набљудување на изборите од страна на граѓански организации, во Бејрут, Либан.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ НАБЉУДУВАЧКИ МИСИИ

Јуни 2013-та г. - 2 набљудувачи беа дел од набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР на парламентарните избори во Република Албанија.

### СТЕКНУВАЊЕ НА ИСКУСТВА

Март и ноември 2013-та г. – учество на обуки за краткорочни набљудувачи, организирани од ОБСЕ/ОДИХР, во Белград, Република Србија;

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

| | Белешка | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| Приходи од донации | 4 | 40.512 | 48.240 |
| Останати приходи | 5 | 8.701 | 3.756 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | **49.213** | **51.976** |
| Оперативни расходи | 6 | 47.326 | 43.386 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | **47.326** | **43.386** |
| **Вишок на приходи над расходи пред оданочување** | | **1.887** | **8.590** |
| Данок на добивка | | - | - |
| **Вишок на приходи над расходи по оданочување** | 7 | **1.887** | **8.590** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

| | Белешки | 31 декември 2013 | 31 декември 2012 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Опрема и мебел | 8 | 738 | 412 |
| | | **738** | **412** |
| **Тековни средства** | | | |
| Останати тековни средства и АВР | 9 | - | 14 |
| Пари и парични еквиваленти | 10 | 2.833 | 8.657 |
| | | **2.833** | **8.671** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | | **3.571** | **9.083** |
| **ОБВРСКИ И ДЕЛОВЕН ФОНД** | | | |
| **Деловен фонд** | | | |
| Деловен фонд | | 738 | 412 |
| Вишок на приходи над расходи после оданочување | | 1.887 | 8.590 |
| | 11 | **2.625** | **9.002** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Други краткорочни обврски | 12 | - | 73 |
| Обврски кон добавувачите | 13 | 946 | 8 |
| | | **946** | **81** |
| **ВКУПНО ДЕЛОВЕН ФОНД И ОБВРСКИ** | | **3.571** | **9.083** |

| | Деловен фонд | Вишок на приходи над расходи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2013** | **412** | **8.590** | **9.002** |
| Трансфер на вишокот на приходи над расходи од претходна година | - | (8.590) | (8.590) |
| Набавки | 499 | - | 499 |
| Амортизација | (169) | - | (169) |
| Корекција | (4) | - | (4) |
| Вишок на приходи над расходи за 2013 | - | 1.887 | 1.887 |
| **Состојба на 31 декември 2013** | **738** | **1.887** | **2.625** |

Белешките претставуваат составен дел на финансиските извештаи.

## 1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Граѓанската асоцијација МОСТ е домашна, невладина и непартиска организација, оформена во 2002 година од претставници на 20 граѓански организации од цела Македонија.

Визија - Свесните и активни граѓани водат кон одговорна власт, што е пак основа за одржливо и демократско градење на општеството во Македонија, регионот и светот.

Мисија - МОСТ работи на поттик на граѓаните и нивно мобилизирање да ги користат своите права со цел зајакнување на демократската култура во Македонија, зголемување на демократскиот капацитет на граѓанските организации, институции и политички актери, преку создавање на одржливи партнерства.

Организацијата се наоѓа во Скопје, со адреса ул. Ванчо Мицков 18 Б.

## 2. ОСНОВА ЗА СОСТАВУВАЊЕ И ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Финансиските извештаи на Организацијата се составени во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа со цел за точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено и ажурно искажување на билансните позиции, состојбата на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето. Износите во билансите и белешките кон финансиските извештаи се прикажани во илјади денари, освен ако во текстот не е поинаку наведено.

## 3. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики применети при составувањето на финансиските извештаи се наведени во продолжение на овој текст.

### 3.1 Парични средства и еквиваленти на парични средства

Паричните средства и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и паричните средства на жиро сметките кај комерцијалните банки.

Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се внесуваат во главната книга во номинален износ, а во странска валута по курсот на Народна банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

## 3.2 Материјални и нематеријални вложувања

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат по нивната набавна вредност. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци, кои можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка. За вредноста на набавените средства истовремено се зголемува деловниот фонд на Фондацијата.

Ревалоризацијата на долгорочните средства (материјални и нематеријални вложувања) се врши поради повторно вреднување ако инфлацијата на годишно ниво, мерена со пораст на цените на производителите на индустриските.Основица за ревалоризација претставува набавната вредност на средствата.

Ревалоризационата вредност на средствата се утврдува по пат на индексирање.

## 3.3 Амортизација

Материјалните и нематеријални средства се амортизираат со примена на пропорционалната метода, така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства се амортизира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства.
Тековната амортизација на основните средства се евидентира на товар на деловниот фонд.
Стапките на амортизација, применети од Организацијата во 2013 се следниве: 25% за возила, 20% за компјутерска опрема, 20% за мебел.

Пресметката на амортизацијата се врши поединечно (не по групи на средства) за секое средство.

## 3.4 Признавање на приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции значи приходите, односно расходите да се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите, односно расходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите, односно расходите се расположливи кога се остварени, односно кога настанале (се наплатени т.е. платени) во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период, односно обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

### 3.5 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари според средниот курс на НБРМ кој важи на денот на трансакцијата.

Девизните средства и обврски во билансот на состојба се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви кои важат на денот на составувањето на билансот.

Нето позитивните и негативни курсни разлики кои произлегуваат од претварањето на износите во странска валута, се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Средните (заклучните) курсеви на денарот спрема странските валути (за една единица странска валута), на 31 декември изнесуваат како што следува:

| | | **Во денари** |
|---|---|---|
| | **2013** | **2012** |
| EUR | 61,5113 | 61,5000 |
| USD | 44,6284 | 46,6510 |
| CHF | 50,1764 | 50,9106 |

## 4. ДОНАЦИИ

| | **2013** | **2012** |
|---|---|---|
| Приходи од донации | 40.512 | 48.240 |
| **Вкупно** | **40.512** | **48.240** |

стварени се приходи од следните донатори по проект:

**Донатор**

*-Проект*

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **GMF - Германски Маршалов Фонд УСА** | **814** | **816** |
| *-Пат во Европа 2013* | *814* | |
| **BTD – Балкански Фонд за Демократија GMF** | **1.178** | **1.210** |
| *-Право да знаеш* | *1.178* | |
| **Норвешка Амбасада Белград** | **1.109** | **3.532** |
| *-Домашно набљудување на Локални Избори 2013* | *1.109* | |
| **NDI – Национален Демократски Институт** | **1.589** | **23.991** |
| *-Меѓународна набљудувачка мисија Украина 2013* | *1.589* | |
| **Холандска Амбасада** | **2.159** | **1.666** |
| *-Домашно набљудување на Локални Избори 2013* | *1.850* | |
| *-Проект Право да знаеш* | *309* | |
| **NED – Национален Фонд за Демократија** | **1.780** | **1.735** |
| *- Јакнење на капацитетите за набљудување избори во Европа и Евроазија* | *1.780* | |
| **Британска Амбасада** | **2.517** | **1.145** |
| *-Домашно набљудување на Локални Избори 2013* | *2.289* | |
| *-Проект Право да знаеш* | *228* | |
| **Германска Амбасада** | **2.464** | - |
| *-Домашно набљудување на Локални Избори 2013* | *2.464* | |
| **SDC – Швајцарска Агенција за Развој** | **2.326** | **7.575** |
| *-Домашно набљудување на Локални Избори 2013* | *2.326* | |
| **Mercy Corps Ирак** | **20.341** | **-** |
| *-Јакнење за капацитети за партиципативност на цивилно општество од Ирак 2013* | *10.385* | |
| ***-**Меѓународно набљудување на парламентарни избори во Курдистан 2013* | *9.956* | |
| **Германска Амбасада - EHEMO** | **-** | **5.135** |
| **CIRA SDC ART LSG** | **-** | **427** |
| **Council of Europe mission in Skopje** | **3.862** | **772** |

| | | |
|---|---|---|
| *-Активни за Демократија* | *3.862* | |
| **US Embassy – Отворени Листи** | - | 95 |
| **CDT – Центар за Демократска Транзиција (ЦГ)** | **373** | **141** |
| **Вкупно** | **40.512** | **48.240** |

## 5. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

| | **2013** | **2012** |
|---|---|---|
| Пренесен вишок на приходи од претходна година | 8.590 | 3.498 |
| Останати приходи | 111 | 78 |
| **Вкупно** | **8.701** | **3.576** |

## 6. ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ

| | **2013** | **2012** |
|---|---|---|
| Потрошени материјали | 2.876 | 953 |
| Останати услуги | 2.681 | 1.986 |
| Транспортни услуги | 4.115 | 3.732 |
| Наемнини | 1.200 | 1.531 |
| Провизии | 253 | 94 |
| Осигурување | 674 | 102 |
| Патни трошоци и дневници за службен пат | 24 | 96 |
| Интелектуални услуги | 28.212 | 3.731 |
| Останати трошоци | 481 | 533 |
| Трансфери на средства | 588 | 28.587 |
| Опрема | 495 | 43 |
| Плати | 2.427 | 1.638 |
| Даноци | 3.300 | 360 |
| **Вкупно** | **47.326** | **43.386** |

## 7. ДАНОК НА ДОБИВКА

| | | 2013 | 2012 |
|---|---|---|---|
| I. | Вишок на приходи над расходи | 1.887 | 8.590 |
| II. | Даночна основа | - | - |
| III. | Данок на добивка (II * 10%) | - | - |
| **IV.** | **Вишок на приходи над расходи по оданочување (I-III)** | **1.887** | **8.590** |

Стапката на данокот изнесува 10% од даночната основа и се пресметува според даночните изјава. Даночната основа претставува трошоци кои не се признаваат во даночната изјава според данок на добивка закон.

## 8. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| | Опрема и мебел | Вкупно |
|---|---|---|
| **Набавна вредност на 01 јануари 2012** | **3.124** | **3.124** |
| Набавки во текот на годината | 43 | **43** |
| **Состојба на 31 декември 2012** | **3.167** | **3.167** |
| Корекција на основна грешка | (4) | **(4)** |
| Набавки во текот на годината | 499 | **499** |
| **Состојба на 31 декември 2013** | **3.663** | **3.663** |
| **Акумулирана амортизација на 1 јануари 2012** | **(2.623)** | **(2.623)** |
| Амортизација за 2012 година | (132) | **(132)** |
| **Состојба на 31 декември 2012** | **(2.755)** | **(2.755)** |
| Амортизација за 2013 година | (169) | **(169)** |
| **Состојба на 31 декември.2013** | **(2.924)** | **(2.924)** |
| **Нето сегашна вредност на:** | | |
| **- 31 декември 2013** | **738** | **738** |
| **- 31 декември 2012** | **412** | **412** |

## 9. ОСТАНАТИ ТЕКОВНИ СРЕДСТВА И АВР

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Други побарувања и АВР | - | 14 |
| **Салдо на 31 декември** | **-** | **14** |

## 10. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| Жиро сметка | 2.793 | 8.645 |
| Благајна | 40 | 12 |
| **Салдо на 31 декември** | **2.833** | **8.657** |

## 11. ДЕЛОВЕН ФОНД

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 738 | 412 |
| Вишок на приходи над расходи | 1.887 | 8.590 |
| **Салдо на 31 декември** | **2.625** | **9.002** |

Промените во оперативниот фонд се наведени во Изјавата за промени во оперативните средства на страница 5.

## 12. ДРУГИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| Други обврски | - | 73 |
| **Салдо на 31 декември** | **-** | **73** |

## 13. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИТЕ

| | 2013 | 2012 |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Обврски кон добавувачи | 946 | 8 |
| **Салдо на 31 декември** | **946** | **8** |

## 14. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

Заклучно со 31 декември 2013 година Организацијата нема вонбилансна изложеност.

## 15. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

Не постојат материјални последователни настани, кои би имале влијание врз разбирањето на финансиските извештаи.